# Што ни донесе ребрендот на Вип оператор во А1 Телеком?




**Автор:**

Стефан Јевтиќ

**Издавач:**

Институт за развој на
електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје

Септември, 2019 година

## Содржина

1. Вовед ... 3
2. Пакети во мобилната телефонија ... 4
3. Пакети во фиксните услуги ... 6
4. Комбинирани пакети со три или четири услуги ... 8
5. Заклучоци ... 11

# Вовед

Оне.Вип, член на А1 Телеком Австрија Групацијата, настана по спојувањето на вториот и третиот мобилен оператор (австрискиот Vip и словенечкиот One), како и кабелскиот оператор blizoo кој беше претходно купен од австриската групација во 2016 година[1]. Веќе во 2017 година централата во Виена донесе одлука сите брендови што се под нејзина капа да се обединат под едно име - А1, по примерот на успешниот оператор во Австрија кој ужива голема доверба.[2]

Годинава брендот и официјално стана А1 Телеком, со што речиси сите членки на групацијата го носат името А1[3], со исклучок на Vip mobile во Србија.

Групацијата го претстави новиот бренд со ново име, нов заштитен знак, интернет страница, мобилна апликација, како и нов изглед во продажните салони, но најважно за крајните корисници е што донесе ребрендот за нив и какви се пакетите за мобилни и фиксни услуги.

Во продолжение, Институтот за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје, ќе направи краток осврт на темата околу „еволуирањето" на Вип во А1, преку споредба на поранешните VIP пакети и сегашните А1 пакети на услуги.

---

[1] https://kapital.mk/vip-one-i-blizu-stanaa-edinstven-brend-vip/
[2] https://kariera.mk/article/1426/vip-kje-se-rebrendira-vo-a1-shto-odluchi-telekom-avstrija
[3] https://www.a1.mk/za-nas?p_p_id=news_WAR_Newsroomportlet&p_p_lifecycle=0&p_p_state=normal&p_p_mode=view&_news_WAR_Newsroomportlet_itemId=26878&_news_WAR_Newsroomportlet_backURL=%2Fza-nas&_news_WAR_Newsroomportlet_jspPage=%2Fhtml%2Fa1%2Fnewsfrontend%2Fnews-details.jsp

## Пакети во мобилната телефонија

А1 Телеком на своите корисници и понатаму им става на располагање три пакети мобилни услуги под името „А1 Neo[4]", кои ќе ги споредиме со претходните „Vip Neo[5]" пакети, како и промотивните понуди од месец февруари до септември[6].

Разлики во цените кај старите и новите пакети нема, но промената се крие во количината на интернет сообраќај вклучен во понудата. Па така:

- А1 Neo S, како и Vip Neo S изнесува 499 денари. И двата пакети вклучуваа(т) во себе неограничени минути кон сите мрежи, а немаат вклучено бесплатни SMS пораки. Разликата помеѓу пакетите е во количеството на интернет, па така А1 Neo S има 1GB интернет, додека Vip Neo S во себе вклучуваше само 500MB. Но, интересен е фактот што промотивно, во периодот од февруари месец, па сè до ребрендирањето во септември, овој пакет имаше промотивно зголемен интернет кој изнесуваше 1,5GB.
- А1 Neo M, како и Vip Neo M, изнесува 799 денари месечно. И во двата пакети има неограничени минути кон сите мрежи, како и неограничено SMS пораки. Во поглед на интернетот, Vip Neo M во себе вклучуваше 5GB, а промотивно, истиот имаше вклучено 10GB. Ако се земе во предвид дека средниот пакет често имаше промотивни зголемувања од 10 или 15GB, може да се констатира дека новиот пакет А1 Neo M кој сега вклучува 10GB, всушност и не е некоја голема промена што корисниците би ја очекувале.
- А1 Neo L и пакетот Vip Neo L, имаат претплата од 1.399 денари месечно. Како и претходните пакети, така и овие два во себе вклучуваат неограничени минути за разговори. Исто како и

[4] https://www.a1.mk/documents/20126/792217/2.2+Aktueln%D0%B0+ponuda_mobilni+uslugi_A1+MK.pdf
[5] https://www.a1.mk/documents/20126/792217/3.1+Stari+tarifi_mobilni+uslugi_A1+MK.pdf
[6] https://www.a1.mk/documents/20126/792217/3.3+Stari+promocii_mobilni+uslugi_A1+MK.pdf

претходниот среден пакет, така и Neo L пакетите вклучуваат по неограничени SMS пораки за испраќање. Разликата, ако може да се забележи, е во количината на интернетот, па така VipNeo L редовно вклучува по 10GB, но како и Vip Neo M пакетот, често имаше промотивни зголемувања и до 20GB интернет сообраќај, нешто што сега е вклучено како редовна понуда во A1 Neo L.

- A1 Телеком, исто така, воведе и нов пакет, наречен A1 Neon кој за 799 денари, во себе вклучува: неограничени минути и SMS и 10GB мобилен интернет, но и: ноќна опција која од 00:00 до 06:00 има неограничен интернет за користење. Овој пакет е истиот пакет наречен Vip Spirit кој во себе вклучуваше неограничени минути и пораки, како и 5GB интернет. Но, како и другите VIP Neo пакети, така и овој промотивно изминатите 8 месеци вклучуваше во себе промотивни, дополнителни GB интернет, па така пакетот во себе вклучуваше 10GB. Уште една промена во пакетот е и фактот што Vip Spirit беше наменет за лица од 18 до 26 години, додека A1 Neon нема такво ограничува според јавно достапните документи.

Од понуденото, може слободно да се заклучи дека ребрендирањето не донесува посериозни промени во понудата за мобилниот сообраќај, нешто на што се надеваа корисниците. Со промената на името на пакетите, само промотивните понуди станаа редовни.

Како новина што е достапна за A1 Neo и A1 Neon пакетите е опцијата A1 Net Sef[7], во кој се зачувува целиот неискористен интернет сообраќај од претходниот месец.

[7] https://www.a1.mk/a1-net-sef

## Пакети во фиксните услуги

А1 Телеком како и во пакетите за мобилна телефонија, така и во поединечните пакети[8] за телевизија (кабелска или терестријална), интернет (DOCSIS, ADSL, Optic или пак преку 4G LTE), како и во фиксната телефонија (VoIP), не понуди поголеми промени, кои беа тема на често негодување од корисниците кои постојано испраќаа барања во коментари на социјалните мрежи. Барањата вклучуваа нови ТВ канали или пак поголеми брзини во интернет понудата.

Во делот за телевизијата, состојбата и после ребрендирањето на Вип во А1, е следна:

- А1 TV S[9],како и Vip TV S[10]се со иста претплата од 349 денари месечно. Разликата според податоците, нема. И во двата пакети се вклучени по 80-ина ТВ канали.
- А1 TV M како и Vip TV M имаат идентична претплата од 699 денари, но како и помалите пакети, така и овие немаат разлика во бројот на канали, па така има 140 канали.
- А1 TV Lite S[11]е идентичен со пакетот Vip TV Lite S[12], кој е за месечна претплата од 199 денари и во себе вклучува 20-ина основни ТВ канали.
- А1 TV Lite M со поранешниот А1 TV Lite M пакет имаат идентична цена од 299 денари, како и ист број на ТВ канали односно до 50 кои се вклучени во претплатата.

Во делот на фиксната телефонија, промени нема, односно и А1 Fix и Vip Fix[13]се по цена од 149 денари.

[8]https://www.a1.mk/documents/20126/792217/2.4+Aktuelna+ponuda+za+fiksni+i+kombinirani+paketi+03092019.pdf
[9]https://www.a1.mk/internet-tv-fiksna/tv-tarifi/a1-tv
[10]https://web.archive.org/web/20190105091230/https://www.vip.mk/vip-tv
[11]https://www.a1.mk/internet-tv-fiksna/tv-tarifi/a1-tv-lite
[12]https://web.archive.org/web/20190105095313/https://www.vip.mk/vip-tv-lite
[13]https://web.archive.org/web/20190105074451/https://www.vip.mk/fiksna-telefonija/info

Промени не се забележуваат ниту во индивидуалните пакети за интернет, независно од технологијата на пренос. Со тоа:

- A1 Net Neo S[14]е идентичен како Vip Net Neo S[15], односно за сума од 699 денари се добиваат 50Mbps за симнување и 3Mbps за прикачување.
- A1 Net Neo M е идентичен како Vip Net Neo M, односно пакетите вклучуваат брзини од 100/5Mbps за цена од 899 денари месечно.
- A1 Net Neo Lite S[16]како и Vip Net Neo Lite S[17]изнесува 699 денари, а во себе вклучува интернет преку ADSL со брзини од 10/1Mbps.
- A1 Net Neo Lite M како и Vip Net Neo Lite M се пренесуваат преку изнајмен ADSL со брзини од 16/1Mbps, за месечна цена од 899 денари.
- A1 Net Neo Lite L како и Vip Net Neo Lite L е преку изнајмена оптичка мрежа за цена од 1.299 денари, со симетрични брзини од по 40Mbps.
- A1 Combo Box 2+[18]пакетот е поранешниот Vip Combo Box 2[19]и интернетот се пренесува преку мобилната 4G LTE мрежа, со брзина од 20Mbps.

Како новост во поглед на интернетот е пакетот A1 Net Neon[20] кој се пренесува преку кабелска (DOCSIS) мрежа, со брзина од 15/1Mbps, но во себе не вклучува договорна обврска.

Дополнително, A1 Телеком гради сопствена оптичка мрежа и постепено ќе ги воведува пакетите A1 Net Optic Neo S со симетрична брзина од 50Mbps за 999 денари, како и пакетот A1 Net Optic Neo M со симетрична брзина од 100Mbps за 1.199 денари месечно.

Од горенаведеното, може да се констатира дека не се направени никакви промени во поединечните пакети, со што и бројот на канали и брзините на интернет, без разлика преку кој стандард се пренесуваат, се истите што беа и претходно.

---

[14]https://www.a1.mk/internet-tv-fiksna/internet-tarifi/a1-net
[15]https://web.archive.org/web/20190105080927/https://www.vip.mk/internet/tarifi
[16]https://www.a1.mk/internet-tv-fiksna/internet-tarifi/a1-net-lite
[17]https://web.archive.org/web/20190105083316/https://www.vip.mk/internet/tarifi/lite
[18]https://www.a1.mk/combo-paketi/a1-combo-box
[19]https://web.archive.org/web/20190105083125/https://www.vip.mk/kombo/combo-box
[20]https://www.a1.mk/a1-neon-internet-tv

## Комбинирани пакети со три или четири услуги

А1 Телеком ги продолжува истите комбинирани пакети со три услуги со безначителни, минимални промени. Во понудата се следниве пакети со три услуги:

- А1 Combo Neo 3S[21], кој е поранешниот Vip Combo Neo 3S, со идентична цена од 899 денари, со вклучени: 90 ТВ канали со 3 месеци бесплатна видеотека, бесплатна фиксна телефонија и интернет со брзини од 30/1Mbps. И кај стариот и кај новиот пакет, вклучена е можноста за комбинирање до две мобилни линии во пакетот доколку се избере Combo Neo 4S.
- А1 Combo Neo 3M, како и поранешниот Vip Combo Neo 3M, изнесува 1.199 денари, со вклучени: 130 ТВ канали со 3 месеци бесплатна видеотека, бесплатна фиксна телефонија, како и интернет со брзини од 50/3Mbps. И кај стариот и кај новиот пакет, вклучена е можноста за комбинирање до четири мобилни линии во пакетот доколку се избере Combo Neo 4M.
- А1 Combo Neo 3L, е поранешниот Vip Combo Neo 3L кој во себе вклучува(ше): 150 ТВ канали, фиксна телефонија и интернет со брзини од 100/5Mbps. Но стариот Vip пакет, за разлика од новиот А1, во себе вклучуваше 24 месеци бесплатна видеотека. Но, доколку се разгледа достапниот документ[22], ќе се увиди дека постои веројатност да се работи за грешка во делот на интернет страницата за овој пакет. Во документот, под точка 3.1 стои дека сепак, следува 24 месеци бесплатна видеотека, за разлика од на сајтот[23] каде што се вели само 3 месеци. И кај стариот и кај новиот пакет, вклучена е можноста за комбинирање до шест мобилни линии во пакетот доколку се избере Combo Neo 4L.
- А1 Combo Lite Neo 3S[24]во понудата е идентичен со поранешниот пакет Vip Combo Lite Neo 3S. Цената е 899 денари, вклучува

[21] https://www.a1.mk/a1-combo-cable
[22] https://www.a1.mk/documents/20126/792217/2.4+Aktuelna+ponuda+za+fiksni+i+kombinirani+paketi+03092019.pdf
[23] https://www.a1.mk/a1-combo-cable
[24] https://www.a1.mk/combo-paketi/a1-combo-4

ADSL интернет со брзини од 10/1Mbps, како и безжична дигитална телевизија со 50на ТВ канали и фиксна телефонија. Доколку се одбере пакетот A1 Combo Lite Neo 4L, се добива можност за комбинирање и на два мобилни броја во пакетот.

- A1 Combo Lite Neo 3M, исто така, нема промени, освен во името кое од Vip Combo, стана А1 Комбо. Цената и понудата се идентични како и стариот пакет: 1.199 денари месечно, со 60ТВ канали, интернет брзина од 16/1Mbps и бесплатна фиксна телефонија. Исто и овој пакет има можност за комбинирање и до 4 мобилни броеви во една сметка.
- A1 Combo Lite Neo 3L како и претходните два пакети, е во целост идентичен, па така, како и во Vip Combo Lite пакетот, бројот на ТВ канали е до 60, а интернет брзината е преку изнајмена оптичка мрежа со симетрични брзини од 40Mbps и бесплатна телефонија. Дополнително, може да се надгради во 4L пакет, со дури 6 мобилни претплати во пакетот.
- A1 Combo Box 3 и 4 пакетите имаат разлики во поглед на поранешните Vip Combo Box 3 и 4 пакети. Па така, пакетот со 3 услуги има идентична цена од 799 денари месечно, со вклучени 50 ТВ канали, фиксна телефонија и бежичен интернет со брзини од 20Mbps, но новина е бесплатното вклучување на опцијата Ноќно неограничени сурфање, кое не беше вклучено во претходниот пакет. Промена има и во пакетот со 4 услуги, односно во Vipпакетот[25] имаше можност за вклучување до 2 мобилни телефони, додека пак во новиот А1 пакет[26] има можност само за еден мобилен број.
- Како новост, А1 Телеком го воведе и пакетот A1 Combo Neon[27]кој е без обврзувачки договор на 24 месеци.Тој во себе вклучува кабелска телевизија со 80 ТВ канали, како и кабелски интернет со брзина од 15/1Mbps. На интернет страницата недостасува информација дали постои можност за комбинирање на фиксниот пакет A1 Combo Neon со мобилниот пакет A1 Neon[28].

[25] https://web.archive.org/web/20190105083125/https://www.vip.mk/kombo/combo-box
[26] https://www.a1.mk/combo-paketi/a1-combo-box
[27] https://www.a1.mk/a1-neon-internet-tv
[28] https://www.a1.mk/a1-neon

Како втора новина се комбинираните оптички пакети[29] и тоа:

- A1 Combo Optic Neo 3S е идентичен како A1 Combo Neo 3S пакетот, со таа разлика што во себе вклучува оптички интернет со симетрични брзини од 30Mbps за цена од 1.199 денари, што е минимално зголемена.
- A1 Combo Optic Neo 3M исто така е идентичен како A1 Combo Neo 3M пакетот, а разликата е во симетричната брзина од 50Mbps за симнување и прикачување, по цена од 1.499 денари што е поголема од пакетот на DOCSIS кабелот.
- A1 Combo Optic Neo 3L како и претходните два пакети, има симетрична брзина од по 100Mbps за месечна претплата 1.999 денари.

Бројот на вклучени мобилни линии во Combo Optic Neo 4 пакетите е идентичен и кај останатите пакети, односно по 2, 4 и 6, зависно од одбраниот пакет на фиксни услуги.

Слободно може да се заклучи дека во поглед на „комбо“ пакетите со 3 или 4 услуги нема големи промени. Но, кога ќе се погледне понудата на официјалната интернет страница на операторот, недостасува опцијата за самостојно комбинирање на пакетите во поглед на мобилните линии, нешто што беше достапно на стариот сајт на Вип операторот.

Единствена новина се пакетите Combo Neon, како и пакетите Combo Optic, кои не се достапни секаде поради започнатото проширување на сопствената оптичка мрежа.

[29] https://www.a1.mk/documents/20126/792217/2.4+Aktuelna+ponuda+za+fiksni+i+kombinirani+paketi+03092019.pdf точка 3.2

## Заклучоци

Сублимирано, долгонајавуваната промена не донесе поголем исчекор во понудата кај постојните пакети на поранешен Vip. Промени се забележуваат единствено во називот на пакетот.

Минималните промени се во поглед на мобилниот интернет вклучен во мобилните тарифи, кој претходно бил на промотивни периоди, а сега вклучен во редовни пакети.

Во делот за фиксните услуги, независно дали истите се нудат поединечно или пак комбинирано во три или четири услуги, понудата е идентична.

Единствени новости се опциите A1 Net Sef кој е вклучен во мобилните претплати во случај да се обнови договор со промена на тарифниот модел или пак да се склучи нов договор преку избор на новите тарифи.

Интересна новост е воведувањето на Neon мобилниот и фиксниот пакет кој во себе вклучува услуги, без договорна обврска, што е реткост во Македонија (само еден оператор тоа го нудеше).

Дополнително од операторот со ново име - A1 Телеком, неофицијално дознаваме дека е започната инвестиција во сопствена оптичка мрежа со цел привлекување на поголем број корисници, па се очекува наскоро оптичките пакети да бидат понудени на потрошувачи од повеќе градови, како и да бидат јавно објавени на интернет страницата, бидејќи истите во моментов се достапни само во делот за ценовниците.

Иако корисниците преку коментари на социјалните мрежи и интернет форумите, постојано бараа промени во делот на ТВ понудата, бројот на ТВ канали како и изборот на истите, остана непроменет. Промена исто така нема ниту во делот на DOCSIS кабелскиот интернет, па така брзините за прикачување остануваат непроменети иако беа главно барање на корисниците.

Во време кога наголемо се зборува дека пред портите на мобилните мрежни оператори е нов сериозен играч, зачудува до крај неискористената можност да се конкурира како унапреден и посериозен снабдувач на услуги од ваков тип. Ребрендирањето кое повлече сериозни средства и логистика кај поранешниот VIP несомнено требаше да донесе освежување, но не само од визуелен аспект, туку и суштинска промена на досегашната пракса во понудата и односот кон пазарните консументи.

Останува да видиме дали вестите за нов играч ќе ги размрда сите оние вработени чија задача е да бидат иновативни во понудите, за што се жалат корисниците, години наназад.

Дотогаш корисниците имаат можност да ги одберат старо-новите пакети или можеби да почнат да размислуваат за некоја друга алтернатива.